ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0202-209/06
14.06 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на ден 14.06.2018 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

За продолжување на мандатот на членовите на комисиите на ИОРРМ

1. На членовите на комисиите на ИОРРМ на кои мандатот им истекува на 01 јули 2018 година, мандатот им се продолжува до одржување на првата наредна седница на Собранието на ИОРРМ, кога ќе бидат спроведени избори на членови на органите и комисиите на ИОРРМ.

2. Членовите на комисиите на ИОРРМ на кои мандатот им истекува на 01 јули 2018 година, се наведени во Прилог 1 кон оваа Одлука.

3. Одлуката за продолжување на мандатот на лицата од точка 2 на оваа Одлука, се потврдува на првата наредна седница на Собранието на ИОРРМ.

4. Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

**Борислав Атанасовски**
Претседател на ИОРРМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИОРРМ
СКОПЈЕ

<u>*Образложение*</u>

*Одлуката за продолжување на мандатот на членовите на комисиите на ИОРРМ се носи заради обезбедување на непречено функционирање на комисиите на ИОРРМ во периодот до одржување на следната седница на Собранието на ИОРРМ. Терминот за одржување на седницата на Собранието во септември 2018 година е заради обезбедување присуство на поголем број членови на ИОРРМ, со оглед што јули е период кога се користат годишни одмори, и за да се овозможи добивање на мислење од СУНРРМ пред доставување на Статутот до Собранието за усвојување, со можност по добивање на мислењето да се изготват и други акти на ИОРРМ каде што се потребни усогласувања со Законот за ревизија, а кои ги усвојува Собранието на ИОРРМ.*

# ПРИЛОГ 1

Комисија за стандарди за ревизија

1. Јане Иванов
2. Анита Бошкова
3. Милена Јованова - Димоска

Комисија за сметководствени стандарди

1. Владимир Зоговиќ
2. Мико Кацарски
3. Весна Гешков Кувенџиска

Комисија за образование, обука и публикации

1. Маја Лазароска
2. Жарко Михајловски
3. Ненад Ранѓеловиќ

Комисија за спроведување на испитот за овластен ревизор

1. Проф. Д-р. Зоран Миновски
2. Ирена Стојковска

Комисија за регистрација на овластени ревизори

1. Елена Петровска Лазаревски
2. Александар Проданоски
3. Николина Неновска

Комисија за контрола на квалитет на ревизорски услуги

1. Гордана Никушевска
2. Гоце Христов

Комисија за спроведување на стручниот испит

1. Виолета Стојановска Петровска (Претставник овластен од министерот за финансии)
2. Премтим Исени (в.д. Претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ)
3. Борислав Атанасовски (Претседател на Институтот на овластени ревизори на РМ)
4. Катарина Динева - Зикова
5. Добрила Апостолова

Комисија за ревизија на одржаните стручни испити

1. Марина Станојкова Арсовски (Претставник од Министерството за финансии на РМ)
2. Бобан Стојаноски (Претставник од Министерството за финансии на РМ)
3. Срѓан Ранѓеловиќ
4. Марија Божиновски
5. Лидија Трпевска